# Нови скулптури чекаат официјална презентација



„Починка“ на Ангел Нацевски



„Семејство“ на Бранко Јакшиќ



„Македонија“ на Зоран Костовски



„Тешкото“ на Златан Трајков

ФОТО: КИРО ПОПОВ

## Градот доби и скулптура на жирафа пред Зоолошката градина, една од планираните 35 во проектот на Министерството за култура

Во центарот на Скопје се откри и последната скулптура од планираните за официјална презентација во текот на септември, од страна на Министерството за култура. Пред зградата на Македонската опера и балет стои ротирачката скулптура „Македонија“ на скулпторот Зоран Костовски, а од другата страна на Вардар се откриени „Починка“ на Ангел Нацевски, „На кафе-излет“ на Ристо Станковски и „Жена која медитира“ на Томе Бундевски.

Во близина на Спомен-куќата на „Мајка Тереза“, на улицата „Македонија“, откриена е скулптурата „Тешкото“ на Златан Трајков, а во близина на скулптурата „Бик“, поставена пролетоска, се наоѓа и новата скулптура „Семејство“ на Бранко Јакшиќ.

Градот ја доби и скулптурата „Жирафа“ на Васил Николовски, на просторот пред влезот на Природно-научниот музеј и Зоолошката градина.

Во оваа група скулптури, кои се дел од вкупно предвидените 35, нема да бидат претставени само две, скулптурите „Врби“ и „Порта“, што се очекува да бидат завршени и презентирани подоцна.

Ликовната уметница Искра Димитрова, која го предводи авторскиот тим на проектот „Врби“, работи на подготовката на идејниот проект, што предвидува поставување три скулптури на врби, во коритото на Вардар, во центарот на Скопје. (К.Б.)